# ИСКУСТВА И ПЕРЦЕПЦИИ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ/-ЧКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИСТАПОТ И УПОТРЕБАТА НА ХИВ ПРЕВЕНТИВНИТЕ МЕТОДИ: КОНДОМИ И ПРЕД-ЕКСПОЗИЦИСКА ПРОФИЛАКСА (ПРЕП)

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

**Сексуалните работници/-чки се изложени на значителен ризик од стекнување ХИВ инфекција**, заедно со мажите кои имаат секс со мажи и луѓето кои инјектираат дрога. **Во Република Северна Македонија инциденцата на ХИВ се зголемува помеѓу популациите под зголемен ризик.** Поради ова, потребно е да се зголемат напорите за зашитита и превенција од ХИВ инфекција. Во овој Извештај се документирани и презентирани податоците од 4 фокус групи (n=33) кои се спроведоа во Скопје, Гостивар и Струмица во октомври 2019. Резултатите ги опишуваат искуствата и прецепциите на различните суб-популации помеѓу сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија за пристапот и употребата на превентивни методи за заштита од ХИВ и другите сексуално преносливи инфекции и ги идентификува областите за зајакнување и проширување на превентивните услуги.

## КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ поврзани со конзистентна употреба на кондоми:

• Постои висока свесност помеѓу сексуалните работници/-чки за ризиците од имањето незаштитени сексуални односи и познавање на ХИВ и другите СПИ и начините на пренос;

• Најголем дел од сексуалните работници/-чки имаат редовни гинеколошки прегледи и тестирања за ХИВ и другите СПИ, воглавно преку услугите на граѓанските организации;

• Пристапот до кондоми преку граѓанските организации е претпочитан поради тоа што кондомите се бесплатни и не се чувствуваат стигматизирани;

• Но, во попладневните и вечерните часови овој пристап е органичен и тогаш кондомите ги купуваат по цена која не им е пристапна;

• Еден дел од сексуалните работници/-чки не употребуваат кондоми конзистентно;

• Особено ретка е употребата на кондом со партнер/-ка или клиент/-ка за кого се верува дека е ХИВ-негативен/-а;

• Цената, намаленото задоволство, практиката на клиентот/партнерот во однос на употребата на кондоми и високите трошоци за гинеколошки услуги влијаат врз одлуката за (не)користење на кондоми.

## КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ за користење на современи превентивни методи за заштита од ХИВ: ПрЕП :

• Генерално, сексуалните рабоници/-чки имаат општи познавања за ПрЕП;

• Сепак, постои потреба за дополнителни обуки и работилница за одговарање на некои од прашањата и/или митовите во врска со употребата на ПрЕП, воглавно околу несаканите ефекти, ефективноста, стигмата итн.;

• Во однос на употребата на кондоми со ПрЕП, сексуалните работници/-чки би претпочитале да ги употребуваат и двете методи паралелно, што е во согласност со препораките на СЗО;

• Факторите поврзани со потенцијалната (не)употреба на ПрЕП се чувството дека кондомите нудат поголема сигурност, стравот од несакани ефекти, долготрајни последици и долготрајно земање на лекови, ризикот од непланирана бременост, ефективноста и цената;

• Претпочитаниот модел за пристап до ПрЕП ги вклучува и граѓанските организации особено во делот за поддршка, едукација за пристап до, употребата и придржувањето до конзистентно земање ПрЕП;

• Потенцијалниот пристап до ПрЕП преку здравствениот систем, особено кај трансродовите сексуални рабоници/-чки е придружен со страв од стигма од самата заедницата, особено доколку пристапот е организиран преку Клиниката за инфективни болести и/или стигма од здравствените работници;

• Потенцијалниот пристап до ПрЕП преку примарната здравствена заштита (матичните лекари), освен за трансродовите сексуални работници/-чки, е поприфатлив модел поради довербата и односот со избраните матични лекари;

• Потенцијалниот пристап до ПрЕП преку аптека е исто така претпочитан модел  во најголем дел поради географската достапност на аптеките;

• Цената на ПрЕП има голема улога во однос на избирањето и придржувањето до овој ХИВ превентивен метод и цена од 1000 до 1800 денари на месец е дефинирана како најпристапна цена кај најголем дел од сексуалните работници/-чки.

## ПРЕПОРАКИ

• Да се развијат дополнителни стратегии за заштита од ХИВ инфекција, како што е воведување на ПрЕП/ПЕП;

• Да се развијат дополнителни стратегии за зајакнување на капацитетите на сексуалните работници/-чки за преговарање за употреба на кондом со клиентите и партнерите;

• Да се подобри достапноста на бесплатни кондоми во доцните вечерни часови;

• Да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации за ПрЕП;

• Да се организираат обуки и едукација на сексуалните работници/-чки за ПрЕП;

• Да се развијат стратегии за обезбедување поддршка и редовна употреба на ПрЕП;

• Да се разработи стратегија за дефинирање на улогата на граѓанските организации во обезбедување на поддршка и едукација во пристапот, употребата и придржувањето до конзистентно земање ПрЕП;

• Да се развијат активности за сензитивизација на здравствените работници кои ќе бидат вклучени во оваа превентивна мерка;

• Да се земе предвид пристапноста до ПрЕП во однос на цената (најпристапна цена е дефинирана како 1000-1800 денари на месец) со цел да се обезбеди опфат и придржување до оваа ХИВ превентивна метода;

• Да се развие стратегија за пристап до ПрЕП која ќе ги влучува здравствените професионалци и институции (лекарите од примарната здравствена заштита, Клиниката за инфективни болести и аптеките)  во соработка со граѓанските организации, со цел да се обезеди пристап до ПрЕП кој е ослободен од стигма и дискриминација и пристап кој ќе биде географски и финансиски достапен за сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија.

Во издание на: СТАР ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од
the ViiV Healthcare Positive Action Programme